**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2020 година

- Трендот на месечно и годишно намалување на просечната каматна стапка на вкупните кредити продолжи и во октомври 2020 година. Имено, каматната стапка на вкупните кредити изнесува 4,68% и бележи месечен и годишен пад од 0,02 п.п. и 0,37 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити се задржа на нивото од 0,98% од претходниот месец, додека на годишна основа забележа пад од 0,30 п.п.

- Во октомври, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити бележи раст од 0,22 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,21%. На годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,05 п.п. Кај просечната каматна стапка на новопримените депозити е забележано минимално месечно зголемување од 0,01 п.п. и изнесува 0,77%. Во однос на октомври минатата година, оваа каматна стапка е намалена за 0,42 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 10.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 | 5.2020 | 6.2020 | 7.2020 | 8.2020 | 9.2020 | 10.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.05** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** | **4.83** | **4.80** | **4.75** | **4.73** | **4.70** | **4.68** |
| Корпоративен сектор | 4.27 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 | 3.97 | 3.93 | 3.89 | 3.85 | 3.80 | 3.77 |
| Домаќинства | 5.78 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 | 5.64 | 5.63 | 5.56 | 5.55 | 5.53 | 5.51 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.26** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** | **3.92** | **3.94** | **3.98** | **3.94** | **3.99** | **4.21** |
| Корпоративен сектор | 3.89 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 | 3.71 | 3.68 | 3.64 | 3.58 | 3.82 | 4.04 |
| Домаќинства | 5.06 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 | 4.43 | 4.42 | 4.48 | 4.37 | 4.51 | 4.49 |
| **Вкупни депозити** | **1.28** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** | **1.10** | **1.09** | **1.05** | **0.99** | **0.98** | **0.98** |
| Корпоративен сектор | 1.51 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 | 1.24 | 1.27 | 1.29 | 1.15 | 1.14 | 1.23 |
| Домаќинства | 1.25 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 | 1.08 | 1.07 | 1.03 | 0.98 | 0.96 | 0.95 |
| **Новопримени депозити** | **1.19** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** | **0.62** | **0.64** | **0.69** | **0.54** | **0.76** | **0.77** |
| Корпоративен сектор | 1.12 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 | 0.34 | 0.43 | 0.57 | 0.41 | 0.74 | 0.67 |
| Домаќинства | 1.25 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 | 0.91 | 0.85 | 0.79 | 0.66 | 0.78 | 0.87 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (коишто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор, во октомври оствари месечно намалување од 0,03 п.п. и изнесува 3,77%. Надолната промена се должи на падот кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,04 п.п., соодветно) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,50 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во октомври, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор бележи зголемување од 0,22 п.п. на месечна основа и изнесува 4,04%. Притоа, месечниот раст произлегува од зголемувањето на каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 1,46 п.п. и 0,10 п.п., соодветно), при пад на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 1,22 п.п.). Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор оствари раст од 0,15 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор изнесува 1,23% и во октомври оствари месечен раст од 0,09 п.п. Зголемувањето е резултат на растот на каматните стапки на депозитите во странска валута и на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,40 и 0,27 п.п., соодветно), при пад на каматните стапки на депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,28 п.п. во однос на октомври 2019 година.

- Овој месец, каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор се намали за 0,07 п.п. и изнесува 0,67%. Анализирано според валутната структура, месечното намалување во целост произлегува од падот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,59 п.п.), при раст на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,76 п.п. и 0,37 п.п., соодветно). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,45 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

- Во однос на претходниот месец каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата забележа пад од 0,02 п.п. и изнесува 5,51%. Надолната промена произлегува од намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,03 п.п. и 0,02 п.п., соодветно), во услови кога каматните стапки на кредитите во странска валута бележат раст (од 0,03 п.п.). Оваа каматна стапка оствари намалување од 0,27 п.п. споредено со октомври претходната година.

---

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во октомври, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,49% и е пониска за 0,02 п.п. на месечно ниво. Месечната промена во целост е резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,02 п.п.), при остварен раст на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,13 п.п.) и непроменети каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула. Каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата забележа пад од 0,57 п.п. на годишна основа.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата, во октомври забележа минимален месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 0,95%. Надолната промена се должи на падот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,01 п.п., соодветно), во услови кога каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула не бележат промена. Во однос на октомври минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,30 п.п.

– Во октомври, просечната каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9] изнесува 0,87%, што претставува месечен раст од 0,09 п.п. Остварениот раст произлегува од зголемените каматни стапки на депозитите примени во странска валута и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,12 п.п. и 0,10 п.п., соодветно). Втор месец по ред, не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Споредено на годишна основа, каматната стапка е намалена за 0,38 п.п.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 декември 2020 година (референтен пресек заклучно со ноември 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).